Дел. бр. 01 – 133/3
07.07.2023 год.
с.Тополчани - Прилеп



# *ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ* ЗА РАБОТАТА НА ООУ„КРУМЕ ВОЛНАРОСКИ“ - ТОПОЛЧАНИ, ПРИЛЕП

# ВО УЧЕБНАТА 2022/2023 ГОДИНА


**Директор: Дејан Бунтески**
**e-mail: krumevolnaroski@yahoo.com**


**јули, 2023 година**

Врз основа на член 108, став 1, алинеа 2 од Законот за основно образование (Службен весник на РСМ бр. 161 од 05.08.2019 и измените и дополнувањата на Законот за основно образование Службен весник на РСМ, бр 229/20 од 23.09.2020 година) Училишниот одбор при ООУ „Круме Волнароски" – Тополчани, Прилеп, на седницата одржана на 07.07.2022 година го разгледа и даде предлог до Советот на Општина Прилеп за усвојување на:

**Годишен извештај за работата на училиштето**
**во учебната 2022/2023 година**

**Вовед**

Годишниот извештај е изработен врз основа на:

- Законот за основно образование;
- Закон за работни односи;
- Закон за јавни набавки;
- Закон за организација и работа на органите на државната управа и други закони;
- Под-законски и интерни акти;
- Наставниот план и наставните програми за воспитно-образовната работа во основното училиште;
- Концепција за деветгодишно основно образование / Новата концепција за основно образование;
- Статут на училиштето;
- Самоевалвација на училиштето;
- Развојна програма на училиштето;
- Програмата за работа на училиштето од претходната година;

**Цел**

Цел на извештајот е во кус критички осврт да се прикаже фактичката состојба во училиштето, организација и реализација на дејноста, прикажано во анализи, констатации и оценки на условите во кои се остварува воспитно-образовната дејност.

**Задачи**

- Да се направи анализа на реализираните задачи од Годишната програма за работа на училиштето;
- Да се направи анализа на условите во кои работи училиштето;
- Да направи анализа на успехот, поведението и редовноста на учениците;
- Да даде предлог мерки за активности во наредниот период.

**Појдовна основа за изработка на Годишниот извештај:**

- Годишната програма за работа на училиштето;
- Годишната програма за работа на директотот, стручните соработници, раководителот на полно подрачно училиште и стручните органи и тела;
- Статистички прегледи и извештаи;
- Педагошка евиденција и документација.

## Организација на воспитно-образовната работа

ООУ „Круме Волнароски“ – Тополчани, Прилеп е централно основно училиште во чиј состав влегуваат подрачните училишта во: с.Старо Лагово, с.Ново Лагово, с.Беровци, с.Галичани, с.Алинци, с.Загорани, с.Клепач и с.Чепигово. Наставата се реализира во девет училишни згради, а пред почетокот на учебната година беа обезбедени сите хигиенско-технички

услови, односно беа преземени мерки за дезинфекција, дезинсекција, дератизација, а исто така, се изврши потребното молерисување во училишните објекти и се направи разубавување на училишнот парк. Исто така, училниците беа опремени со потребниот инвентар за работа.

Училиштето подготвено ја започна учебната 2022/23 година, навремено се изготви Годишната програма за работа со сите прилози, програмата за работа на директорот, стручните соработници и раководителот на полното подрачно училиште. За реализација на современа настава, согласно насоките од Концепцијата за деветтгодишно образование, набавени се поголем број на нагледни средства и помагала по наставни предмети, како и дигитални апарати (ТВ апарати, смарт табли, лаптопи...). Сите наставници навремено ги доставија своите Годишни глобални планирања од прво до деветто одделение, а наставниците од одделенска настава беа активно вклучени во процесот на усвојување на Новата Концепција за основно образование каде приоритет во оваа учебна 2022/2023 година беа второ и петто одделение. За учениците и наставниците е обезбеден бесплатен превоз од Локалната самоуправа и бесплатни учебници од МОН. Ангажиран беше наставен кадар согласно нормативот и Законот за основно образование. Наставниците во тековната година своите знаења и компетенции ги пренесоа врз учениците низ процесот на учење и поучување. Навремено беа структуирани паралелките, формирани стручните активи, комисиите и тимовите, беше изработен распоред за реализација на настава, како и организирање на слободните ученички активности, ученичката заедница-ученички парламент.

Во ООУ,,Круме Волнароски,, Тополчани во учебната 2022/2023 година вкупно се запишани и се едуцираат 147 ученика (од кои 71 машки и 76 женски) распоредени во 21 паралелка. Во ЦОУ с. Тополчани работат 6 паралелки на македонски наставен јазик: 2 паралелки / одделенска настава (II, III одд. и IV, V одд.-комбинирана настава) и 4 паралелки / предметна настава ( VI, VII, VIII, IX одд.). Во ППУ с.Старо Лагово работат 5 паралелки на македонски наставен јазик и тоа: 1 паралелка / одделенска настава (I, II и IV одд.) и 4 паралелки / предметна настава (VI, VII, VIII, IX одд.). Во останатите подрачни училишта се рализира настава во комбинирани паралелки од I до V одд.) на македонски наставен јазик. Напомена: Наставата во ПУ Загорани и ПУ Клепач се реализираше само во петто одделение.

Секоја година училиштето доставува барање до Локалната самоуправа и МОН за согласност за работа со помал број на ученици. Воспитно-образовната работа во училиштето се одвива во една смена-предпладне. Наставата започнув во 7.45 часот. Времето на наставниот час е 40 минути, а. неделниот распоред на часовите се одвиваше непречено. Согласно Календарот за работа на училиштето, во текот на учебната 2022/2023 год. вкупно се реализирани 180 работни денови.

Вкупниот број на ученици кои се едуцираа и го завршија одделението во учебната 2022/2023 прикажан е на следната табела:

**Табела бр.1**

| Одделение | Паралелки | Вкупно ученици | Машки | Женски |
|---|---|---|---|---|
| **I одд** | 0 | 6 | 4 | 2 |
| **II одд** | 0 | 11 | 5 | 6 |
| **III одд** | 4 | 20 | 9 | 11 |
| **IV одд** | 2 | 11 | 3 | 8 |
| **V одд** | 7 | 14 | 4 | 10 |
| **I - V одд** | **13** | **62** | **25** | **37** |
| **VI - одд** | 2 | 17 | 10 | 7 |
| **VII - одд** | 2 | 24 | 15 | 9 |
| **VIII - одд** | 2 | 21 | 11 | 10 |
| **IX - одд** | 2 | 23 | 11 | 12 |
| **VI - IX одд** | **8** | **85** | **47** | **38** |
| **I - IX одд** | **21** | **147** | **72** | **75** |




Во текот на првото полугодие се изврши реконструкција на спортската сала во централното училиште.





**Мисија на училиштето**

Училиште во кое сите ученици ќе постигнат успех, успех кој ќе ги води кон правилен пат во животот. Почитувајќи ги нивните индивидуални способности, интереси и потреби им овозможуваме стекнување на различни знаења и вештини.

**Визија на училиштето**

Модерно, иновативно, отворено училиште кое постојано ќе биде свртено кон промени кои ќе придонесат за поквалитетен наставен процес во чиј центар ќе биде ученикот.

Во учебната 2022/2023 година особено значајно за ООУ „Круме Волнароски“ - Тополчани беше продлабочувањето и афирмирањето на стекнатите искуства. Освен реализацијата на редовната настава и нејзиното осовременување со современи форми, методи и техники, се реализираа изборни предмети, слободни ученички активности... Притоа, акцент се стави и на интегрираната настава. Училиштето во соработка со невладината организација АДРА на крајот од првото полугодие обезбеди 147 новогодишни пакети за сите ученици.





## НАСТАВА

Наставата започна на 1 септември 2022 година, а заврши на 14 јуни 2023 година и во целост се реализираше според календарот за работа. ООУ „Круме Волнароски“ Тополчани, во тековната 2022/23 учебна година ги реализираше основните цели и задачи т.е. навремено и целосно реализирање на наставните содржини преку: задолжителните предмети, изборните предмети, дополнителната, додатната настава и слободните ученички активности

Со реализацијата на наставните планови и програми, се овозможи да се остварат образовните и воспитни содржини и активности со учениците во училиштето. Во наставниот процес учениците на најорганизиран начин се здобиваа со знаења, умеења и вештини. ООУ „Круме Волнароски“ - Тополчани, согласно новата Концеција за основно образование и насоките од Бирото за развој на образованието (www.bro.gov.mk ) понуди листа со теми за избор на слободни изборни предмети.

**Изборни предмети** кои се изучуваа во нашето училиште во учебната 2022/23 година:

- ✓ Во **IV одделение** во текот на првото полугодие се изучуваше изборниот предмет Финансиска писменост (категорија: подршка на личниот и социјалниот развој на учениците), а во текот на второто полугодие од учебната 2022/2023 година, се изучуваше изборниот предмет Млади уметници - Ликовно образование (категорија: проширување / продлабочување на знаењата од задолжителните наставни предмети).
- ✓ Во **V одделение** во текот на првото полугодие се изучуваше изборниот предмет Образование за животни вештини (категорија-подршка на личниот и социјалниот развој на учениците), а во текот на второто полугодие 2022/2023 година, се изучуваше изборниот предмет Фигури од хартија - оригами, хартиени украси (категорија: изборен предмет за подршка на учениците кои не се дел од наставните предмети).

**Во предметна настава се реализираа следниве изборни предмети**

- ✓ Запознавање со религиите во VI одделение;
- ✓ Проекти од информатика во VII одделение;
- ✓ Програмирање во VIII одделение;
- ✓ Проекти од ликовната уметност во IX одделение;

Програмата „Животни вештини“ се реализираше на одделенскиот час во согласност со насоките дадени од МОН и БРО.

**Стручно усовршување на наставниот кадар и стручни соработници**

Училиштето континуирано го следи професионален развој на наставниот кадар преку посетување на обуки и тоа интерно и екстерно стручно усовршување за користење на активни методи и техники на учење. Наставниот кадар остваруваше стручно усовршување и преку разгледување на стручни прашања на состаноците од Стручните активи и Наставничкиот совет. Наставниците во ова учебна 2022/2023 година навремено изработија личен план за професионален развој кој ќе им овозможи да ги развиваат своите професионални компетенции.

Во текот од учебната 2022/2023 година акцент се стави на професионалниот и кариерен развој на наставниците и стручните соработници по насоки дадени од страна на БРО, па така, истите ги следеа обуките:

- Обука за наставници програма бр.14 на тема: Учење преку истражување, работа на проект и решавање проблеми. Изведувач на обуката: Друштво за друго образование на возрасни и консалтинг услуги - АКАДЕМИЈА Ц.Е.С. ДООЕЛ Скопје;
- Обука за наставници бр.22 - Справување со врсничкото насилство и кибернасилство / Изведувач на обуката: Друштво за производство, трговија и услуги ОЗ ИНВЕСТ ДООЕЛ – Скопје;
- Обука за стручни соработници програма бр.3 на тема: Соработка помеѓу семејството и училиштето во спречување на врсничко насилство, кибернасилство и сл. / изведувач на обуката. Друштво за консалтинг и интелектуални услуги ГСИ КОНСАЛТИНГ ДООЕЛ увоз-извоз – Скопје;
- Обука за стручни соработници програма бр.4 на тема: Инклузивно образование во пракса / изведувач на обуката: Друштво за консалтинг и интелектуални услуги ГСИ КОНСАЛТИНГ ДООЕЛ увоз-извоз Скопје;
- Обука за стручни соработници на тема: Програма за психосоцијална помош и подршка во унапредување на добросостојбата и менталното здравје на децата и младите во образовните, здравствените и згрижувачки институции и средини – јануари, 2023 година / МОН и БРО.

Исто така, наставниот кадар и стручните соработници во ООУ „Круме Волнароски“ – Тополчани, се стекнаа со знаења и ги збогатија своите професионални компетенции следејќи ги обуките од серијалот „ЕДУИНО-ВЕБИНАРИ“ застапени со следниве теми:

- Развивање програми за реализација на слободни изборни предмети:
- Инклузивни тимови во градинка (искуства и следни чекори) + Водич за инклузивни практики;
- Предизвикувачко однесување - справување и добри практики;
- Рана интервенција - Достапни опции и услуги (ICF);
- Стимулација на говор во рана возраст +Cboard;
- ЕДУИНО 2Д Лабораторија – Ресурси за искуствено учење;
- Улогата на ресурсниот центар во поддршка на редовните основни училишта;
- Методи и пристапи за учење преку решавање на проблеми со фокус на климатските промени;
- Развивање креативни вештини преку визуелни приказни.

Од страна на БРО се реализираше обука за инклузивниот тим на тема: ,,Изготвување на ИОП и модифицирана програма“, потоа, преку Здружение ЛЕЕД се следеше обука на тема: „Интегрирање на професионалниот развој и кариерниот осоветување во наставата. Од страна на здружение Ас-анима, психовелнес и советувалиште, беше следена обука на тема: „Изразување на детските стравови низ проектни техники, а од страна на институт „ИНАКУ“ беше реализирана обука на тема: „Развојот на говорот кај децата“.

Раководен кадар во училиштето е Директор со ВСС Дејан Бунтески, а за успешна реализација на воспитно – образовниот процес во нашето училиште беа ангажирани 47 вработени лица и тоа: одделенски и предметни наставници, стручна служба и административно-технички кадар. За одреден број на предмети дополнуваат наставници од други училишта, а исто така поради помал број на часови наставници од нашето училиште дополнуваат во други училишта.

## ВОННАСТАВНИ И ВОНУЧИЛИШНИ АКТИВНОСТИ

Согласно Годишната програма за работа на училиштето, формирани се секциите за слободните ученички активности, кои учениците ги избираат според своите способности, интереси и афинитети, и тоа:

- математичка секција;
- спортска секција;
- литературно - рецитаторска и
- литературно - драмска секција
- клуб за кодирање

Претставници од секциите учествува на најразлични конкурси, литературни читања, програми по повод државни празници на локално ниво и добива соодветни признанија. Особено се истакна ученичката Благица Петреска, од IX одделение, која на општинскиот натпревар по хемија освои прво место, а на регионалниот натпревар - третто место. Во училиштето беа одбележани сите значајни датуми преку вклучување на учениците во соодветни активности, работилници, читање реферати и реализирање на училишни приредби. Денот на училиштето беше одбележан со свечено положување на свежо цвеќе пред бистата на Патронот на училиштето - народниот херој Круме Волнароски во с.Тополчани, како и со свечена приредба и ученички спортски натпревари. Активностит кои се реализираа во текот на оваа учебна 2022/2023 година училиштето ги презентираше и на својата WEB страна, со што се овозможи негово афирмирање.

Во однос на вонаставните активности (планирање, начин на реализација, постигнати резултаи и сл.) одговорните наставници водеа посебна „Педагошка евиденција за воннаставни активности“.

Во однос на вонучилишните активности (излети, екскурзии и други вонучилишни активности), по реализацијата на секоја од нив, стручните тимови (реализатори на истите) подготвуваа извештај со оценка за реализацијата и квалитетот на дадените услуги. Поднесените извештаи за реализираните излети, екскурзии и другите воннаставни активности беа разгледувани од страна на Наставничкиот совет и Советот на родители, а беа усвоени од страна на Училишниот одбор.

**УСПЕХ, РЕДОВНОСТ И ПОВЕДЕНИЕ НА УЧЕНИЦИТЕ**

| Учебна година | Среден успех | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | IV | V | VI | VII | VIII | IX | **IV- IX** |
| 2020/2021 | 4.14 | 4.07 | 4.27 | 3.72 | 3.95 | 4.14 | 4.02 |
| 2021/2022 | 4.26 | 4.34 | 3.29 | 4.22 | 3.75 | 4.30 | 3.95 |
| 2022/2023 | 4.15 | 4.35 | 4.25 | 3.69 | 5.15 | 4.19 | 4.05 |




Успехот кој учениците го постигнаа во текот на изминатата учебна 2022/2023 година, се огледува низ статиститчките извештаи и анализи кои ги изработи училиштето по наставни предмети и одделенија.

# ТАБЕЛАРЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА СРЕДНИОТ УСПЕХ ВО УЧЕБНАТА 2022/23 ГОДИНА
# ПО ПРЕДМЕТИ И ОДДЕЛЕНИЈА

| Наставни предмети | IV | V | VI | VII | VIII | IX | Среден успех по предмети |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Македонски ј. | 3.64 | 4.00 | 3.88 | 3.00 | 4.29 | 4.17 | 3.84 |
| Математика | 3.64 | 3.87 | 3.88 | 2.88 | 3.67 | 3.74 | 3.57 |
| Англиски ј. | 3.64 | 3.71 | 3.59 | 3.71 | 3.71 | 4.13 | 3.77 |
| Германски ј. | / | / | 4.00 | 3.46 | 3.86 | 3.65 | 3.72 |
| Ликовно обр. | 4.45 | 4.50 | 4.47 | 3.58 | 4.43 | 4.70 | 4.32 |
| Музичко обр. | 4.55 | 4.71 | 4.47 | 3.92 | 4.38 | 4.91 | 4.46 |
| Техн. обр. и инф. | 4.18 | 4.86 | / | / | / | / | 4.56 |
| Техн. образов. | / | / | 5.00 | / | / | / | 5.00 |
| Ист. и општ. | 3.82 | 4.00 | / | / | / | / | 3.92 |
| Природни науки | 3.73 | 3.93 | 4.12 | / | / | / | 4.00 |
| Географија | / | / | 3.76 | 3.08 | 3.81 | 3.87 | 3.61 |
| Историја | / | / | 4.18 | 3.38 | 4.10 | 3.91 | 3.86 |
| Граѓанско обр. | / | / | / | / | 4.00 | 4.04 | 4.02 |
| Етика | / | / | / | 3.83 | / | / | 3.83 |
| Биологија | / | / | / | 3.42 | 4.19 | 3.96 | 3.84 |
| Физика | / | / | / | / | 4.10 | 4.00 | 4.05 |
| Хемија | / | / | / | / | 3.57 | 3.61 | 3.59 |
| ФЗО | 4.82 | 4.03 | 5.00 | 4.63 | 5.00 | 5.00 | 4.90 |
| Информатика | / | / | 4.53 | 3.96 | / | / | 4.20 |
| Иновации | / | / | / | / | / | 4.43 | 4.43 |
| **Изборни предм.** | | | | | | | |
| СИП 1 - ФП | 4.55 | / | / | / | / | / | 4.55 |
| СИП 2 - МУ | 4.55 | / | / | / | / | / | 4.55 |
| СИП 1 - ОЖВ | / | 5.00 | / | / | / | / | 5.00 |
| СИП 2 - Оригами | / | 4.86 | / | / | / | / | 4.86 |
| Запозн. на рел. | / | / | 4.35 | / | / | / | 4.35 |
| Проекти по инф. | / | / | / | 4.00 | / | / | 4.00 |
| Програмирање | / | / | / | / | 5.00 | / | 5.00 |
| Проекти од л.к. | / | / | / | / | / | 4.65 | 4.65 |
| **Среден успех** | 4.10 | 4.34 | 4.25 | 3.69 | 4.15 | 4.19 | 4.05 |



## ЗАЕДНИЦА НА УЧЕНИЦИ-УЧЕНИЧКИ ПАРЛАМЕНТ

Ученичката заедница ја сочинуваат сите ученици на паралелката која се формира на почетокот на учебната година. Од нив произлезе заедницата на учениците, како највисока форма на организирање и работење на учениците во училиштето. Задачите и активностите на ученичката заедница на ниво на училиштето се реализираше според предвидената Годишна програма за работа. И оваа година, согласно Законот за основно образование, конституиран е Ученичкиот парламент кој е облик на организирање на учениците на ниво на училиште, а составен е од претседателите на одделенските /класните заедници во нашето училиште. Врз основа на демократско партиципирање и активно вклучување на учениците во животот и работата на училиштето избран е и дете правобранител, а преставници на детскиот парламент учевствуваа на состаноци на Училишниот одбор, Наставнички совет и Совет на родители, но без право на глас.

Активностите на овие програми се во интеграција и тоа:

- Избор на председателство и усвојување на програмата за работа;
- Кодекс на однесувањето на учениците;
- Формирање на работни групи од учениците;
- Методички работилници со актуелни теми;
- Како до подобар успех, поголема дисциплина и редовност на часовите;
- Предавања и трибини;
- Свечано одбележување на приемот на првачињата во детската организација;
- Организирање на натпревари, еколошки акции и сл..

## ГРИЖА ЗА ЗДРАВЈЕТО НА УЧЕНИЦИТЕ

Грижата за здравјето на учениците беше еден од приоритетите на училиштето. На почетокот од учебната година, преку едукативни предавања реализирано во училиштето, но и истакнати на училишната WEB страна и FB профил на училиштето, ги запозна учениците и родителите за активностите поврзани со темите за грижа за здравјето на учениците.

Училиштето даде целосна поддршка при организирањето на општи и стоматолошки прегледи за прво, трето, петто и седмо одделение во соработка со Медицинскиот центар, како и редовни вакцинации и ревакцинација, во соработка со Заводот за здравствена заштита, согласно планот за почитување на мерките за заштита.

Од едукативната страна се реализираа предавања за лична хигиена, заразни болести (жолтица, туберколоза и сл.), бон-тон кај учениците, болестите од зависност и други акутни болести, како во одделенска, така и во предметна настава. Исто така, во текот на оваа учебна година се реализираа работилници кои се дел од Програмата за унапредување на менталното здравје, со што учениците стекнаа лични и социјални компетенции.

Од страна на агенцијата Grey Worldwide, во склоп на програмата од Always се реализираа online едукативни предавања од областа на личната хигиена и здравјето за младата женска популација. Исто така, на часовите на одделенската заедница беа реализирани повеќе активности од областа на здравствено воспитување, едукација за заштита на социјално и ментално здравје, здрава храна и здрав живот. Сите спроведени активности имаат една заедничка цел - изградување на свеста на учениците за грижа и заштита од опасностите што произлегуваат од современиот начин на живеење.

## СОРАБОТКА СО ЛОКАЛНАТА СРЕДИНА

Соработката со локалната средина се остварува во текот на целата учебна година преку директни и индивидуални контакти со наставниците, директорот и стручната служба, било тоа да е по покана од училиштето или на иницијатива од родителите. Во рамките на програмата реализирани се и задолжителните наставничко - родителски средби, индивидуални родителски средби, како и советување на родители од страна на стручната служба. Директорот на училиштето оствари средби со родителите и преку Советот на родители и Училишниот одбор, Локалната самоуправа – Прилеп, МОН, БРО, ДПИ,

Центарот за социјална работа и медиумите од локалното опкружување. Оваа учебна година училиштето оствари повеќе значајни средби со семејства кои припаѓаат во ранливи категории. На истите, покрај стручната советодавна помош, им се даде помош во храна, облека и парични средства собрани од донации на иницијатива од страна на учениците.

## РАБОТА НА СТРУЧНИТЕ ОРГАНИ И ТЕЛА

**Наставничкиот Совет** е највисок стручен орган во училиштето и се грижи за целокупната воспитно-образовна работа. Сите наставнички совети се реализираа online преку апликацијата Microsoft Teams, почитувајќи го планот за работа, и за сите состаноци училиштето има видео записи. На состаноците од Наставничкиот совет најчесто се разгледуваа актуелни прашања и тоа:

- Снабденост со огревно дрво;
- Актуелни прашања – поврзани со педагошката документација;
- Снебденост со учебници;
- Извештај / анализи на успехот, редовноста и поведението;
- Реализација на наставниот материјал;
- Мислење за наставници – приравници;
- Реализација на дополнителната, додатната и слободните ученички активности;
- Следење на вебинари за далечинско учење.
- Следење на обуки кои ги зајакнаа професионалните компетенции кај наставниците и стручните соработници

**Стручните активи** во училиштето се формирани на почетокот на учебната година. Во училиштето постојат 2 стручни активи:

- актив во одделенска настава;
- актив од предметна настава.

Покрај изборот на раководство во активите се разгледуваа и актуелни теми:

- Размена на искуства и добивање на информации за учениците меѓу наставниците;
- Теми поврзани со подготовките и реализација на интегрирани часови и иновативни практики;
- Обуки за користење на алатки за учење од далечина (on-line) и користење на отворени образовни ресурси;
- Ефектите од импементацијата на новата концепција за основно образование во одделенска настава.

Индивидуалното, стручно усовршување го остварува секој наставник поединечно преку следење на стручна литература, интернет и посетување на обуки и вебинари.

Педагошката евиденција и документација се водеше уредно и одговорно, како од страна на наставниот кадар, така и од страна на стручната служба.

Успехот на учениците, наставниот кадар го следеше систематски, континуирано и објективно. Оценките јавно се формираа со учество на учениците, а нивните родители беа навремено информирани.

**Активноста на директорот** како раководен орган беше насочена кон организирање на севкупната работа на училиштето, со акцент на реализацијата на воспитно - образовната работа, како и обезбедување на најоптимални услови за непречено реализирање на истата.

Директорот на училиштето во целост ја реализираше својата годишна програма во подрачјата на своето работење и тоа: Водство (стратешко водство, училишни клима и култура, соработка со родители и заедницата), Раководење со човечки ресурси (комуникација и односи со јавноста, унапредување на меѓучовечките односи, професионален и кариерен развој, обезбедување на кадар, работно воведување и ангажирање), Педагошко раководење на училиштето (планирање, подршка на наставата и учењето, обезбедување на квалитетна евалуација на самоевалуацијата, Програма за развој (создавање на здрава и безбедна и демократска средина за учење и развој на ученикот), Финансиско раководење (раководење со финансиски ресурси и раководење со материјални ресурси) и водење грижа за Законско и административно раководење на

училиштето (примена на законски и подзаконски акти, изработка и примена на интерни акти и документација, раководење со административни процеси и примена на информациските системи во училиштето).

**Педагогот, социологот и раководителот на ППУ** во целост ја реализираа својата годишна програма, активно се вклучија во организацијата на воспитно–образовниот процес, во изготвувањето на Годишната програма за работа на училиштето, вршеа педагошки и дидактичко-методички консултации со наставниците за наставата, нејзино иновирање, унапредвање и вреднување. Потоа, задоа активно учевство во работата на стручните активи, работата на ученичката заедница-ученички парламент, водеа индивидуални разговори со ученици и родители, се вклучија во професионалната ориентација на деветтоодделенците, спроведоа упис на првачина и следење на нивниот развој. Со стручно – советодавна помош им беа поддршка на наставниците за работа со ученици со потешкотии во развојот како и при совладување на наставните содржини, примена на прописите при остварување на правата и должностите на учениците, напредување и изрекување на педагошки мерки, помош на наставниците во водење на ученичкото портфолио, следење на часови, помош на наставницте во изготвување на планирања како и следење на реализацијата на одделенскиот час, проектни активности, спречување на училишно насилство, редовно посетување на подрачните училишта, советување на родители согласно Законот за основно образование и сл..

## ЗАКЛУЧНИ СОГЛЕДУВАЊА И НАСОКИ

Како заклучни согледувања за животот и работата на ООУ„Круме Волнароски“ - Тополчани за учебната 2022/2023 година, може да се констатира дека:

- Во училиштето беа обезбедени сите материјално-технички и хигиенски услови за непречено одвивање на наставата;
- Во целост се реализираа наставните програми по сите наставни предмети;
- Во целост се реализираа планирањата за дополнителна и додатна настава, како и слободните ученички активности;
- Наставничко - родителските средби во целост се реализираа;
- Постигнувањата на учениците, редовноста и поведението уредно се следеа низ класификационите периоди, а утврдениот успех е во корелација и во континуитет со предходните учебни години;

- Сите субјекти, носители на воспитно - образовниот процес, работеа според изготвениот личен план за професионален развој и придонесуваа за успешна реализација на наставата;

- Реализирани и следени се голем број на интерни и екстерни обуки, организирани од страна на БРО, колективниот портал Едуино и од други акредитирани провајдери;

- Набавени се голем број на нови нагледни средства и технички помагала, како и нов училишен мебел;

- Спортската сала во централното училиште беше реновирана, а во ППУ Старо Лагово една училница беше пренаменета и оспособена (реновирана) за потребите на наставата по ФЗО;

- Санитарните јазли во ППУ Старо Лагово беа во целост реновирани;

- Во ЦОУ Тополчани и ППУ Старо Лагово беше направено партерно уредување на училишните дворови;

- Педагошката евиденција и документација уредно се водеше во текот на учебната година. Целокупната евиденција и докуменатција континуирано беше следена од директорот, стручните соработници и раководителот на ППУ.

ООУ „Круме Волнароски“ – Тополчани, Прилеп и во идната учебна 2023/2024 година ќе посвети големо внимание на инфрастуктурните зафати и професионалниот развој на наставниот кадар, но и ќе продолжи со набавка на нагледни средства и технички помагала кои се дел од стратешко - развојната цел на училиштето.

Јули, 2023 година

Тополчани

Потпис на директор:

______________________

/ Дејан Бунтески /

МП

Потпис на претседател
на Училишен одбор:

______________________

/ Игор Мицкоски /